50

УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS"-SKOPJE

UDC 63 (058) ISSN 0351-9112

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
## НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ

# YEARBOOK
## OF THE FACULTY OF AGRICULTURE

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ

ГОДИНА 47 VOLUME

СКОПЈЕ-SKOPJE

2002

UDC 636.082.45(497.7)

# ПЕРСПЕКТИВА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЈАЈЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Филев К., Ѓорговска Наташа, Димитриевски Д.***

## КРАТОК ИЗВАДОК

Извршена е анализа на производството на јајца и трошоците во Република Македонија и врз основа на тие информации и информациите на светското производство на јајца, се донесени следниве заклучоци. Производството на јајца вон ашата земја има иднина, не само за снабдување на внатрешниот Пазар туку и за извоз во разни региони во Европа каде што тоа производство е недоволно.

На позитивно профитабилното производство на консумни јајца, големо влијание има цената на храна и пазарната цена на јајцето, но исто така големо влијание има и улогата на државата да поддржи производство на ниво на самозадоволувачко производство.

Во нашата земја, можно е производство на релативно евтини јајца, чија цена ќе се движи околу 3 денари за јајце ( 5 евро-центи за јајце) особено кога производството е интегрирано и има можност за снабдување на големи количества релативно евтини суровини.

Консумацијата на јајца може да се зголеми со промоција на вистината за хранливиот квалитет на јајцата и едукација на консуматорите.

# PERSPETIVE OF EGG PRODUCTION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Filev K., Gjorgovska Natasha, Dimitrievski D.****

* д-р Кирил Филев, редовен професор, Земјоделски факултет-Скопје, д-р Драги Димитриевски, доцент, Земјоделски факултет-Скопје, дипл. инж. Наташа Ѓорговска, ЈНУ Институт за сточарство-Скопје

** D-r Kiril Filev, Ph.D, Professor, Faculty of Agriculture-Skopje, D-r Dragi Dimitrievski, Ph.D, Faculty of Agriculture-Skopje, Natasha Gjorgovska, B.Sc., PSI Institute of Animal Science-Skopje

## SUMMARY

An analysis of egg production and its costs in Republic of Macedonia has been made. On the basis of analyzed data and information for the world's egg production, the following conclusions can be made:

Egg production in our country has its future not only for supplying of the internal market but also for export to different regions in Europe where this production is insufficient.

On the positive profitable production of table eggs the great influence have the price of feedstuffs and the market price of eggs, but also the great influence comes from the state interest to support its production to the level of self-sufficiency.

In our country it is possible the production of relative cheap eggs, which price will float around 3 denars per egg (5 euro cents per egg) especially when the production is integrated and has a possibility for supplying of large quantity relatively cheap feedstuffs.

The egg consumption can be improved by promotion the true for the nutritional quality of eggs and education of consumers.


## ВОВЕД

Во периодот од 1961 до 2001 година (40 години) производството на јајца во светот е зголемено за 3.5 пати и поради тоа, во 2001 година изнесува 57 милиони тони. Предвидувањата од ФАО укажуваат дека трендот на зголемување на производството на јајца ќе продолжи. До 2015 г., производството ќе се зголеми за 24% и ќе изнесува 70 милиони тони, а до 2030г. ќе се зголеми за уште 28% и ќе изнесува 90 милиони тони.

Таквото зголемување на производството, во досегашниот период, е најзабележително во Кина, каде што од 1.6 милиони тони во 1961г. е доведено на 24 милиони тони јајца во 2001г. Во земјите во развој се очекува до 2015г да се зголеми производството за 50%, а до 2030 уште 36%.

Учеството на развиените земји, и на оние во развој, во производството на јајца, во 1990г., било приближно еднакво, додека во 2001г. кај развиените земји тоа изнесува 33%, во 2015г. се предвидува да изнесува 28%, а во 2030г. 23%. Во 2001г. развиените земји произведоа вкупно 18.5 милиони тони јајца од кои 41% се добиени во Европа и Северна Америка. Од вкупното производство, во земјите во развој, 93% учествуваат азиските земји во развој.

Од досега изнесеното, земјите во развој перманентно напредуваат во областа на производството на јајца, а македонското

производство бележи пад за 50%, од 0.7 милиони јајца (44000 тони) на 0.35 милиони јајца (22000 тони) годишно во периодот од 1991г. до 2001г.

## ПРОИЗВОДСТВО И КОНСУМАЦИЈА ВО СВЕТОТ И НЕКОИ ЗЕМЈИ КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНКИ ВО ЕУ

Производството на јајца во светот и перспективите за во иднина се прикажани во Табела 1.

Таб. 1. – Глобално производство на јајца и перспектива (во милиони тони)

Table1. – Global egg production and its perspective (in million tones)

| Регион Region | Година-Year | | |
|---|---|---|---|
| | 2001 | 2015 | 2030 |
| Азија-Asia | 33.92 | 43.37 | 56.62 |
| Африка-Africa | 2.08 | 3.21 | 5.13 |
| Европа-Europe | 9.65 | 10.64 | 11.22 |
| Америка, Северна и Централна America, north and central | 7.81 | 8.76 | 10.74 |
| Америка, јужна-America, south | 1.92 | 4.13 | 5.82 |
| Океанија-Oceania | 0.22 | 0.34 | 0.41 |
| Свет-World | 56.94 | 70.44 | 89.94 |

Од податоците, во Табела 1, се гледа дека приоритет во производството на јајца има Азија, потоа Европа и Северна и Централна Америка. Тој тренд се очекува да се потенцира во наредните три децении.

Најголема перспектива во тоа производство се мисли дека ќе има Кина бидејќи таа се очекува во 2015г. и 2030г. да произведе 2.1 милион тони, односно 31.2 милиони тони годишно. САД, се очекува во 2015г. да произведе 5.2 милиони тони, а 2030г. 5.8 милиони тони, додека Русија да произведе 2.1 односно 2.4 милиони тони јајца. Европските земји (ЕУ) очекуваат негативен тренд на производството од 2015г до 2030г за -0.15 милиони тони.

Консумацијата на јајца во одделни реони на светот е прикажана во Табела 2.

државата, со свои заштитни системи за одржување барем на self suficient производство.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на направената анализа и добиените информации за светското производство на јајца, може да се заклучи следново:

1. Производството на јајца во нашата земја има своја иднина, не само заради обезбедување на сопствениот пазар со јајца, туку и за потребите на дефицитарните подрачја во Европа;
2. Врз позитивното, профитабилно работење влијаат цените на суровините и цените на јајцата, меѓутоа и интересот на државата да одржи производство барем за сопствените потреби на пазарот;
3. Во нашата земја е можно да се произведува јајца и по цена од 3 ден./јајце,а особено ако производството е интегрирано и има можност за набавка на евтини суровини.
4. Негативната кампања, во однос на консумацијата на јајца, е неопходно да се сузбива со промовирање на вистината преку едукација на потрошувачите.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Windhurst, H.W. (2001). Is there a future of Eorope's egg industry? Poultry International, Vol.40, No. 7, p.26-32.
2. Gillin, T. (2002). Egg industry to reach 90mt by 2030. Poultry International, Vol. 41, No.13, p.22-26.
3. Fairhurst, G. (2003). The average egg prices down again. World Poultry, No.1, Vol. 19, p.22.
4. Farant, J. (2003). Lifting holesterol veil triggers positive promotion worlwide. World Poultry, No.1, Vol. 19, p.22.
5. Nam-Lyung, L. (2003). Egg against cancer. World Poultry, No. 1, Vol 19, p.31

Табела 4. Цена на јајцата, чинење на производството и добивка кај 22 земји одбрани со најдобри и најлоши цени во 2002 г (во US $ центи)

| Земја | 1 kg јајце | 1 kg храна | 1 дневно пиле | 16 неделна јарка | Вредност на 18 kg јајца | Цена на 39.6 kg храна | Храна + јарка | Профит |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Норвешка | 140.17 | 34.57 | 104.12 | 433.85 | 2523.06 | 1368.97 | 1802.82 | 720.24 |
| Нигерија | 127.50 | 23.36 | 87.61 | 258.66 | 2295.00 | 925.06 | 1183.72 | 1111.28 |
| Нов Зеланд | 121.80 | 23.87 | 125.67 | 438.38 | 2192.40 | 945.25 | 1383.63 | 808.77 |
| Бразил | 53.95 | 11.44 | 31.21 | 138.70 | 971.10 | 453.02 | 591.72 | 379.38 |
| Индија | 46.74 | 11.77 | 32.96 | 153.55 | 841.32 | 466.09 | 619.64 | 221.68 |
| Мианмар | 43.34 | 12.50 | 18.00 | 119.25 | 780.12 | 495.00 | 614.25 | 165.87 |
| Кина | 55.58 | 15.10 | 28.39 | 181.23 | 1000.44 | 597.96 | 779.19 | 221.25 |
| Аргентина | 38.10 | 13.23 | 34.92 | 170.11 | 685.80 | 523.91 | 694.02 | - 8.22 |
| САД | 44.45 | 12.50 | 50.00 | 170.00 | 800.10 | 495.00 | 665.00 | 135.10 |
| Литванија | 91.98 | 28.74 | 57.49 | 373.67 | 1655.64 | 1138.10 | 1511.77 | 143.87 |
| Мароко | 97.21 | 26.81 | 57.37 | 338.60 | 1749.78 | 1061.68 | 1400.28 | 349.50 |
| Австралија | 89.89 | 18.54 | 134.83 | 393.26 | 1618.02 | 734.18 | 1127.44 | 490.58 |
| Данска | 97.54 | 20.48 | 121.28 | 339.63 | 1755.72 | 811.01 | 1150.64 | 605.08 |
| Франција | 70.01 | 17.92 | 64.23 | 286.56 | 1260.18 | 709.63 | 996.19 | 263.99 |
| Германија | 69.17 | 16.80 | 44.47 | 345.85 | 1245.06 | 665.28 | 1011.13 | 233.93 |
| Холандија | 56.62 | 17.59 | 54.35 | 249.01 | 1019.16 | 696.56 | 945.57 | 73.59 |
| Унгарија | 57.37 | 18.30 | 56.70 | 311.75 | 1032.66 | 724.68 | 1036.43 | -3.77 |
| Полска | 80.58 | 22.88 | 44.76 | 268.59 | 1450.44 | 906.05 | 1174.64 | 275.80 |
| Русија | 66.02 | 13.32 | 35.98 | 269.67 | 1188.36 | 527.47 | 797.14 | 391.22 |
| Украина | 50.05 | 13.14 | 41.28 | 262.71 | 900.90 | 520.34 | 783.05 | 117.85 |
| Србија | 79.05 | 22.13 | 47.42 | 316.15 | 1422.90 | 876.35 | 1192.50 | 230.40 |
| Македонија (02) | 83.30 | 26.66 | 60.00 | 350.00 | 1499.40 | 1055.73 | 1405.73 | 93.67 |
| Македонија (мај 03) | 55.37 | 26.66 | 60.00 | 350.00 | 996.66 | 1055.73 | 1405.73 | - 409.07 |